Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОРНИТОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ЕЗЕРАНИ“ НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ**

Се прогласува Законот за прогласување на орнитолошкиот локалитет „Езерани“ на Преспанското Езеро, за строг природен резерват,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 јуни 1996 година.

Број 08-2819/1
25 јули 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОРНИТОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ЕЗЕРАНИ“ НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ**

Член 1

Просторот на орнитолошкиот локалитет „Езерани" на Преспанското Езеро, се прогласува за строг природен резерват (во натамошниот текст: резерват).

Член 2

Границата на резерватот почнува од брегот на Преспанското Езеро кај селото Сир Хан, оттаму таа продолжува по патот за Ресен до селото Долно Перово каде свртува во североисточен правец, минува низ месноста Перовски Ливади, ја сече котата - 852,2 и избива на котата - 855,1 кај месноста Рамник. Одовде границата свртува на исток и во тој правец продолжува до котата - 855,3 од каде што го менува правецот кон југоисток, ја сече котата 853,3, минува низ месноста Ледине, ја сече котата - 854,1 кај Лонче и сè во тој правец продолжува до селото Асамати, притоа минувајќи низ месностите Ружин, Жердец и Прекоп. Кај селото Асамати границата остро свртува на запад и во тој правец продолжува низ водите на Преспанското Езеро, избива до 10м и избива на почетната точка кај селото Сир Хан.

Во овие граници резерватот зазема површина од 2080 ха.

Член 3

Министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина ќе донесе поблизок пропис за спроведување на мерките за заштита на орнитолошкиот локалитет „Езерани“ на Преспанското Езеро, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен весник на Република Македонија“.